

# Baumit BetoHaft

## Врзен мост за санација на бетоснки површини




- **Контактен мост**
- **Висока адхезија**
- **За внатрешна и надворешна употреба**

**Производ** Минерален адхезивен мост погоден за вертикални и хоризонтални површини.

**Состав** Цемент, ситнозрнест агрегат, адитиви.

**Својства** Адхезивен мост со голема врзивост.

**Аплицирање** За поправка на бетонски конструкции како контактен мост пред нанесување на Baumit BetoFill или Baumit BetoFi-nish. Погоден за вертикални и хоризонтални површини во надворешни и внатрешни простории.

**Облик на испорака** вреќи од 25 кг. 1 палета = 48 вреќи = 1200 кг

**Складирање** 12 месеци на суво место ,на дрвена палета

**Гаранција за квалитет** Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции** Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.

**Подготовка на подлогата** **Припрема на подлогата:**
За време на подготовката на подлогата како што се бетон естрих и сл., потребно е да се избере соодветна процедура за подготовка на подлогата, на пример: шмирглање, пескарење со со песок, пескарење со вода под висок притисок итн. По темелно чистење на подлогата, идеално е да се импрегнира подлогата 1 ден, не подоцна од два часа пред нанесувањето, спречувајќи формирање на воден слој на површината. Корозирачката арматура исчистете ја од ,рѓа (на пример, со песок) и заштитувајте со антикорозивен слој Baumit BetoProtect.Подлогата мора да ги исполнува важечките стандарди, мора да биде цврста, незамрзната, носечка, стабилна, без одвојливи честички, без прашина и нечистотија, остатоци од кофражно масло, сол. Мора да биде доволно сува и рамномерно апсорбирачка. Површината мора да биде водовпивлива.
**Непогоден за дрвени, пластични и метални подлоги.**

**Обработка** Содржината на пакувањето на Baumit BetoHaft измешајте го во чист сад со прописна количина на вода (околу 3,5 - 5,0 Л/ 25 кг) со помош на електрична мешалка со спора брзина до хомогена смеса без грутки. Време на употреба е околу 45 мин. Baumit BetoHaft се нанесува со притискање тврда четка т.н. со притискање на претходно натопена подлога за да се обезбеди континуирана примена на контактниот мост. Потоа нанесете го со додатен притисок „мокро на мокро" репаратурниот малтер Baumit BetoFill. На исушениот контактен мост Baumit BetoHaft не може да се нанесуваат други слоеви. Исушениот материјал мора да се отстрани

**Напомени и општи информации** Температурата на воздухот, материјалот и подлогата во тек на изработкатаи стврднувањето на материјалот не смее да биде под + 5 ° C. За време на изработката и созревањето на материјалот, третираните површини мора да бидат заштитени од неповолни временски услови (директна сончева светлина, силен ветер, дожд). Конзистентноста на материјалот што веќе започна да се зацврстува не смее да се менува со додавање вода
**Да не се меша со други материјали.**

---

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk